# С Е Д М И   К О Н Г Р Е С

# Д Е К Л А Р А Ц И Ј А
**за актуелните состојби и натамошното ангажирање на Социјалистичката партија на Македонија**

***Скопје, 29 декември 2012 година***

**Почитувани делегати**

**драги гости**

**Продолжувајќи го патот што го трасира уште во 1893 година, основоположникот на социјалистичката мисла Васил Главинов со своите соборци и неговиот повик „Елате другари да ги поставиме темелите на она движење кое ќе може да го постигне вистинското ослободување на измачениот со векови македонски народ“, за создавање на македонската држава преку Илинден 1903, со АСНОМ 1944, со вредностите во социјалистичката изградба на земјата и со Референдумот од септември 1991 година, кога се оствариjа вековните идеали на македонскиот народ за национална и социјална слобода и за своја самостојна држава;**

**-имајќи предвид дека Македонските социјалисти беа онаа сила која без колебање и надворешни влијанија, сосема автономно ја презедоа историската одговорност и улога во севкупната национална и цивилизациска еманципација на македонскиот народ и ги издржаа сите искушенија и обиди за негова асимилација,**

**-продложувајќи во духот на овие историски потврдени факти, и остваруваќи го развојот на земјата врз демократски принципи**

**Седмиот конгрес на Социјалистичката партија на Македонија ја донесува следната**

## Д Е К Л А Р А Ц И Ј А

**1.** Седмиот конгрес на Социјалистичката партија на Македонија е потврда дека сме респектабилна политичка сила, која 22 години успешно дејствува на политичката сцена во нашата земја во креирањето на политиките во законодавниот дом и во извршната власт.

И овој конгрес е гаранција дека СПМ и натаму ќе биде фактор во градењето на економската и политичката иднина на земјата, за доброто на нејзините граѓани;

**2.** Денес сѐ погласни се барањата во светот за нов поправеден и похуман

меѓународен поредок. Капитализмот ги покажа сите слабости што го брануваат светот денес и кои доведоа до глобална економска, финансиска и должничка криза.

Социјалистичката партија на Македонија со внимание ги следи и анализира современите политички и економски процеси и проблемите што ги продуцира сегашниот систем. Напорите што се прават за излез од глобалната економска и финансиска криза се со единствена цел привидно да се сочува мирот и стабилноста во светот. Но, тие не се доволни. СПМ стои зад сѐ поизразените барања за темелни промени во Европа во барањето на решенија за похумани односи во кои ќе се промовираат нови вредности достојни за човекот;

**3.** Политичката слобода, социјалната правда, хуманоста и солидарноста се универзални вредности својствени за социјалистичкото уредување, кои сѐ повеќе и повеќе добиваат на значење во светот во кој денес живееме, а ние како дел од тој свет не смееме да бидеме надвор од овие текови. На тој план СПМ е подготвена со сите свои капацитети да работи и да придонесува за негување на социјалистичките вредности, за доброто на нашите граѓани, на работничката класа и за просперитетот на нашата држава.

СПМ е цврсто уверена дека историската мисија и улога што ја има во нашето плуралистичко политичко живеење, зацртани во политичката платформа и во изборните програми, се во согласност со новите барања и добиваат своја потврда и практична реализација во животот на нашите граѓани. Тоа е резултат на широкото разбирање и прифаќање на политиките на СПМ од страна на политичките партнери во актуелната власт, составена од коалицијата „За подобра Македонија“ и како резултат на високото чувство за одговорност кон довербата што и го дадоа граѓаните за да ја водат државата;

**4.** Седмиот конгрес на СПМ ги отфрла критиките кои не кореспондираат со реалноста во која што живееме. Плашењето на народот дека политиките на актуелната Влада водат кон пропаст на земјата, не само што немаат никаква основа во нашата реалност, туку и во изразената волја на нашите граѓани на седум последователни избори. Таквите критики не придонесуваат за нашиот натамошен развој и меѓународна афирмација. Тие се директно насочени кон уривање на угледот на Македонија и отежнување на напорите за меѓународна поддршка во натамошниот развој на нашата држава и за влез во евроатлантските интеграции;

Последниот извештај со препораката на Европската комисија за определување на датум за отпочнување на преговори за влез во ЕУ се најдобар демант за неоснованите

критики на поддршката што Македонија ја доби на последниот состанок на Советот на министрите од над 24 земји членки, е сериозен удар за оние што спречија нашата држава да ги отпочне преговорите.

**5.** Програмата што актуелната влада ја реализира во сите области на општественото живеење и темелните реформи што ги прави во услови на општа глобална, економска и политичка криза во Европа и во светот, ја има поддршка на Социјалистичката партија, која учествува во нивното креирање и реализирање. Со резултатите што ги бележи во растот на БДП, во финансиската стабилност, со водењето на монетарната и фискалната политика, мерките што ги презеде да ја олесни бизнис климата за работа на компаниите, со ниската задолженост Република Македонија денес ужива широк меѓународен углед. Потврда за тоа се оценките што подолго време ги даваат релевантните институции и организации од светот;

**6.** Седмиот конгрес на СПМ високо ги цени позитивните напори што се прават во создавањето на поволен амбиент за стопански развој на земјата, за промоција и афирмација на нашата земја во странство, особено на планот на привлекување странски капитал и во решавањето на најголемиот проблем-вработувањето, особено на младата високо-образовна и квалификувана работна сила. На овој план е направен прогрес со видлива заинтересираност на странски инвеститори, со резултатите што се постигнати до денес и оние што се очекуваат. Поддржувајќи ја таквата политика, СПМ е уверена дека наспроти големите економски проблеми со кои се соочува светот и особено Европа денес, Македонија ќе одговори на предизвиците во напорите за развој на својата економија и во решавањето социјалните проблеми што произлегуваат од невработеноста наследена од минатото.

Седмиот конгрес дава полна поддршка оваа активност и натаму уште поинтензивно да продолжи. Излез од големата невработеност мора да се бара во изградба на нови стопански капацитети, како со странски инвестиции, со инвестиции на дијаспората и на домашниот капитал.

**7.** СПМ повеќе пати во својата активност укажуваше и укажува дека производството на храна треба да биде стратешка цел на земјата. Земја која што има сопствено производство на евтина храна, не треба да стравува за својата стабилност. Политиките што Владата ги води за развој на земјоделието во кои СПМ активно учествува се за секакво поздравување, бидејќи скоро 40% од населението во Македонија живее од оваа

стопанска дејност. Тоа ќе придонесе за рамномерен развој на земјата и за спречување на миграцијата село-град.

**8.** Македонија располага со сите ресурси за развиен туризам, кои се силен економски потенцијал кој е толку многу неопходен на нашата држава. Сите напори што се прават на овој план македонските социјалисти ги подржуваат.

**9.** Паралелно со напорите за развој на стопанството, Седмиот конгрес ја нагласува потребата од поинтензивно совладување на сивата економија, поенергично остварување на правата на работничката класа што произлегуваат од колективните договори на социјалните партнери, на правата што произлегуваат од работниот однос, а особено правата од здравственото, пензиското и инвалидското осигурување. Особено внимание да се посветува за помош на социјално загрозените категории на семејства и лица со посебни потреби. Во остварувањето на овие цели повикуваме на взаемна соработка со Сојузот на синдикатите на Македонија;

Седмиот конгрес ги цени напорите на актуелната влада одлучно и бескомпромисно да се справи со сите видови на криминал, мито и корупција, на незаконско работење и друго, кои не само што го нарушуваат угледот, туку може да станат и опасни по опстанокот на земјата. Оваа борба треба да биде уште поенергична и поефикасна. Да владее правото и правната држава, независното и ефикасното судство. Без тоа нема демократија, нема слобода, нема развој;

**10.** Македонските социјалисти остануваат на ставот за бесплатна здравствена заштита на сите граѓани во Македонија, особено во јавното здравство. Реформите што се прават во здравството и големите инвестиции во оваа област, особено во набавката на современа опрема за дијагностицирање и лекување радикално ја подобрија здравствената заштита на луѓето денес. Напорите што се прават во подобрување на условите за работа и во обезбедување на посовремена организација во работењето, треба и натаму да продолжат. Седмиот конгрес особено го цени влезот на странскиот и приватниот домашен капитал и знаење во здравството, што радикално ја подобрува состојбата во здравствената заштита на населението;

**11.** Седмиот конгрес ги истакнува и поздравува реформите во дисперзијата на образованието и научно-технолошкиот развој, како услов за вкупниот развој на општеството. Тие треба да продолжат со поголема критичност и контрола на знаењата и

квалитетите што се продуцираат и пред се едуцирање на кадри за потребите на стопанството.

**12.** Во целиот систем на развој на нашето општество свое место сѐ повеќе добива културата како најсилен промотор на Република Македонија во светот. Социјалистичката партија била и ќе биде за полна слобода на уметничкото творештво и културниот плурализам во сите сфери на творечкото дејствување. СПМ ги подржува вложувањата за создавање на услови за уметничко творештво. Она што е изградено и она што допрва треба да се заврши во оваа област говори за вонредната грижа за развојот на кутлурата во земјата.

**13.** Седмиот конгрес силно ги поддржува напорите што се прават Република Македонија да се претстави на светот како земја со развиен спорт. Во последните години се изградени стотина спортски сали, игралишта и други објекти за професионален и рекреативен спорт. СПМ ги поздравува резултатите што македонските спортисти ги покажаа на меѓународните натпревари и улогата што ја одиграа во сплотувањето на граѓаните.

**14.** Македонија во целиот период од осамостојувањето беше соочена со сериозни слабости во објективното информирање на јавноста за реалните состојби во земјата. Нашето јавно информирање беше исполнето со невистини, навреди и клевети, кои создаваа длабоки делби во македонското национално ткиво, особено околу стратешките прашања и интереси на земјата. СПМ очекува дека со новиот закон за медиумите и работата на новинарите голем дел од проблемите ќе бидат надминати.

**15.** Седмиот конгрес на СПМ со жалење констатира дека некои состојби во работата на македонскиот Парламент и во овој период многу не се изменија. Продолжуваат не продуктивните кавги, уцени и опструкции што го кочат процесот на донесување на потребните реформи. Македонија во оваа историска етапа од развојот не може да си дозволи такви односи, особено кога тензиите внатре во земјата и во нејзиното опкружување сеуште се силно изразени.

Нецивилизираното и насилничко однесување на македонската опозиција во и надвор од Собранието на Република Македонија сериозно ја вознемири македонската јавност. Тоа беше обид со насилие да се собри легално избраната власт, да се создаде хаос и по нелегален пат да се дојде на власт. Тоа беше обид да се загрози мирот и

стабилноста на земјата со тешки последици по меѓународниот углед на земјата и нејзините аспирации за влез во евроатланските интеграции.

Ваквото однесување на македонската опозиција надвор од сите демократски норми и принципи за функционирањето на правната држава и нејзините институции, Социјалистичката партија жестоко ги осудува и ги повикува македонските граѓани на сплотеност и воздржаност. Да не прифаќаат провокации од овој тип и да не дозволат да се загрози тешко здобиената македонска држава и нејзината демократија.

Седмиот конгрес на СПМ повикува на демократски цивилизиран дијалог, на разум, на политичка мудрост и одговорност на сите политички субјекти што ќе овозможи Собранието да носи конструктивни, обмислени, ефикасни мерки што ќе продуцираат творечка динамика, што ќе овозможат позитивна преобразба на вкупните политички и економски односи и состојби во земјата, за остварување на нашите национални и државни интереси.

**16.** Социјалистичката партија на Македонија и натаму ќе опстојува на градењето на хумани меѓучовечки односи, толеранција и почитување на верските и културни разлики, како императив за нашето постоење и натамошен развој. Најновите измени во Уставот на Република Македонија се основа за градење на меѓуетнички соживот и основа за отпочнување на нови процеси, што ќе биде од интерес за сите граѓани на Македонија.

Мораме нашата земја да ја градиме според начелата на Уставот, да не дозволиме разни деструктивни и криминални структури да роварат, да сеат семе на омраза, особено на меѓуетничка и верска основа. Очекуваме здравиот разум да надвладее и во некои од соседните земји кои уште сонуваат за некои големи држави, дека живееме во голем глобален свет во кој треба да ги споделуваме и развиваме вредностите што не поврзуваат и водат кон мир и благосостојба. За жал ако досега бевме соочени со разни подземни игри и скриени најави околу перспективата за опстојување на Македонија, во последно време сведоци сме на отворени закани по нашиот идентитет и територијален интегритет искажани дури и од највисоки државници во одделни соседни земји. СПМ предупредува дека времето на кроење на нови граници на Балканот е одамна минато. Времето на шовинизмот и фашизмот е зад нас. На овие појави Европа мора да им застане што поскоро на пат. Ние македонските социјалисти предупредуваме дека секое распламтување на шовинистичките страсти можат да го запалат огнот на Балканот во кој сите ќе изгориме. Балканските војни се доволна поука. Меѓународните институции и

организации мора да бидат свесни дека со своите контраверзни одлуки можат да предизвикаат нови неправди и крвопролевање на Балканот. Доста беа делбите и угнетувањата, со кои се разнебитуваше македонското национално ткиво. Нашиот стремеж отсекогаш бил и ќе биде иднината.

**17.** Социјалистичката партија на Македонија и на овој конгрес ја изразува својата подготвеност да работи и да придонесува за развојот на меѓународните односи во духот на меѓусебното и взаемно разбирање и почитување на народите, на почитување на суверенитетот и интегритетот на секоја земја. СПМ е свесна за големината и опасноста од присуството на тензиите во целиот регион поради некои историски наследени хипотеки и предрасуди и нивното влијание врз стабилноста на нашата земја. Поаѓајќи од актуелните состојби и процеси што се закануваат да го дестабилизираат целиот Балкан, СПМ се обраќа до сите прогресивни демократски сили на Балканот и светот за крајна внимателност и одговорно третирање на проблемите што се јавуваат од овој вид и кои што можат да го загрозат мирот и стабилноста на регионот и пошироко.

**18.** Македонија на патот кон европските интеграции е соочена со проблемот што соседна Грција го наметна околу нашето име. На македонската јавност и се познати ставовите на македонските социјалисти за одделни прашања од национален и државен интерес. СПМ беше и натаму останува консеквентна, доследна и цврста во своите ставови околу темелните уставни определби за суверена, независна, демократска, унитарна Република Македонија. Барањето за промена на нашето име за СПМ е неприфатливо и апсурдно, бидејќи под тоа и за тоа име низ вековите се бореле и ги давале своите животи многу генерации. Оттука е и нашата силна поддршка Република Македонија да истрае во напорите што ги прави за изнаоѓање на решение што нема да го загрози нашето име, идентитет, историја, јазик и култура. За овие наши ставови втемелени во меѓународното право и Повелбата на Обединетите нации, очекуваме разбирање и суштинска поддршка од меѓународните фактори. Во одбрана на овие ставови, Социјалистичката партија на Македонија повикува на единство на сите интелектуални и политички сили во земјата.

Со најновите заклучоци од Брисел од Македонија се бара градење на добрососедски односи. Тоа секогаш бил и ќе остане наш императив. Меѓутоа, ако некој под тоа подразбира тие односи да се градат исклучиво еднострано и на штета на нашиот национален идентитет, барање што ќе не обезличи, гае илузии. За македонските

социјалисти таквото барање е типичен вандализам од најсуров вид. Денес нема сила што може да изврши таков геноцид;

**19.** СПМ досега и во иднина ќе посветува внимание на соработката со левоориентираните партии во Европа. Од сите лево-ориентирани партии, со кои соработуваме, вклучително и со оние во соседна Република Грција, имаме разбирање за нашите национални интереси, посебно околу нашето уставно име, како и подготвеност заедно да придонесуваме за развојот на вкупните односи меѓу земјите на Балканот. СПМ е уверена дека новите генерации на млади политичари што во последно време доаѓаат на политичката сцена во одделни соседни земји се помалку робуваат на некои хипотеки од минатото и се свртени кон иднината.

Македонските социјалисти се спремни за натамошна соработка со Социјалистичката интернационала и со други меѓународни организации со социјалистичка провиниенција.

Македонските социјалисти сметаат дека со вклучувањето во ова пошироко семејство ќе можат да го дадат својот придонес во создавањето на масовно социјалистичко движење во борбата за создавање на еден нов поправеден, похуман и демократски социјалистички систем.

Кај македонскиот народ оваа идеа е присутна повеќе од еден век и е вградена во неговиот код. Затоа ги повикуваме граѓаните на Македонија да ни се придружат да прераснеме во движење за градење на ново демократско социјалистичко општество во кое што ќе нема омраза, егоизам, туку љубов, меѓусебно разбирање и почитување, да изградиме хумани меѓучовечки односи. Тоа е гаранција за политичката стабилност и економскиот напредок на земјата.

Скопје, 29 декември 2012 година

СЕДМИ КОНГРЕС НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА